**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2023/**

# З А П И С Н И К

**Од 180.Седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 24.03.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани, Златко Јанковски, Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева-Николиќ и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов - Директор на заеднички функции и администрација, Виолета Димевска - Раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ и Даниела Симовска - Овластен ревизор БДО. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид-кризата во државата, 180.Седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***
Седницата започна во 10.00 часот.
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ, Ведат Мемедалија го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 179.Седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2021-31.12.2021 година.

3. Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година.

4. Разгледување и усвојување на Нацрт-поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО Скопје.

5. Разно.

**ТОЧКА1: Разгледување и усвојување на записникот од 179.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Заменик претседателот на Програмскиот Совет на МРТ, Ведат Мемедалија го стави на разгледување записникот од 179.Седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 179.Седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 179.Седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2: Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.10.2021-31.12.2021 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска, раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ, со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2021-31.12.2021 година.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.10.2021-31.12.2021 година без забелешки.

Заменик претседателот на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2021-31.12.2021 година.

■ **Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2021-31.12.2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.10.2021-31.12.2021 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3: Разгледување и усвојување на Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска, раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот Финансиски извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа годишниот финансиски извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ во 2021 година, со следниве забелешки:
- Надзорниот одбор на МРТ констатира големи отстапки во делот на финансирањето на ЈРП Македонска радио телевизија од страна на државата, односно институцијата не ги добива финансиските средства предвидени со Закон, што може да доведе до загрозување на финансиската стабилност и ликвидност на ЈРП МРТ.
-Надзорниот одбор на МРТ го задолжува Директорот на ЈРП МРТ да ги преземе сите правни и други можности кои му стојат на располагање како би се исполниле одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот на финансисрањето на ЈРП МРТ.
- Надзорниот одбор на МРТ констатира потфрлање во реализацијата на приходот од маркетинг во однос на планираното, предвидено во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година, и го задолжува Директорот на ЈРТ МРТ да преземе активности со кои ќе се подобри ефикасноста на Секторот за маркетинг и промоција.

- Надзорниот одбор го задолжува Директорот на ЈРП МРТ до крај на месец април 2022 година, да го информира Надзорниот одбор за преземените активности во насока за наплата на побарувањата кои ЈРП МРТ ги има од УЈП, како и во насока на мерки и активности преземени за обезбедување на средствата предвидени со Закон.
Гајур Рамадани побара еден извештај за наредната седница за состојбите во организациската структура во Музичката продукција, а за која може да се види дека 4.390.000 денари има трошоци во организациската структура, и да се добие една појасна слика за неа.

По расправата Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година беше ставен на гласање.

■**Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАНИ гласаа: **2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МРТ за 2021 година **е усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4: Разгледување и усвојување на Нацрт-поединечен Ревизорски извештај за ЈРП МРТ од независен овластен ревизор БДО Скопје.**
По оваа точка ревизорската куќа БДО Скопје достави извештај за извршена ревизија на приложените финансиски извештаи на ЈРП МРТ кои се состојат од Извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2021 година. Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Нацрт-ревизорски извештај за фнансиското работење на ЈРП МРТ за 2021 година од независно ревизорско друштво – БДО Скојпе, без забелешки.

Програмскиот совет на МРТ по расправата по оваа точка го предложи следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ констатира дека Нацрт-ревизорскиот извештај на независниот овластен ревизор БДО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на ЈРП МРТ за годината која завршува на 31.12.2021 година, е во согласност со сметководствените стандарди кои се прифатени во РС Македонија, и во сите значајни аспекти реално и објективно ја одразува финансиската сосотојба на претпријатието.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 5: Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледано Известување од Никола Димушевски со бр.04-1049/4 од 22.03.2022.
Горан Атанасов истакна пред присутните дека за лицето Никола Димушевски ниту во еден момент и ниту во каков било контекст не е говорено на минатата или која било друга седница на Програмскиот совет. Беше спомнат од аспект на формално правно толкување само основот за дисциплинската постапка на Љупчо Мирковски, дека е различен од тоа што му се скратени средства од платата и Програмскиот совет оваа жалба од страна на Љупчо Мирковски ќе треба да ја разгледува во некоја од наредните седници, затоа што на вработениот му се скратени средства поради нерегулирано и неоправдано отуство од работа, за што неговиот претпоставен констатирал дека има основ за кратење на неоправданите денови. Забелешката беше дадена да се внимава на процедурите и се однесува исклучиво на формалноста, а не и на суштината.
Во врска со известувањето со број 1094/4 од 22.03.2022 година од страна на Никола Димушевски во кое сум споменат, сакам да потенцирам дека воопшто ниту официјално, а ниту неофицијално е разговарано за него и во ниту еден момент не се дискутирало за работното време на вработените во Музичката продукција.

Јас ниту сум надлежен, ниту пак, претпоставен на оваа Организациска единица и оттука произлегува дека некој од присутните на седницата на Програмскиот Совет од непознати причини ме споменал мене и лажно ја претставил целата работа. На прашање до сите присутни членови на Програмски совет од страна на директорот на Заеднички функции, дали некој се сеќава дека е разговарано за тоа што се пишува во дописот на Никола Димушевски или спомнато во некаков друг контекст, едногласно беше констатирано дека не постои ваква дискусија и тотално е непознато до каде доаѓаат овие лажни конструкции.

Седницата заврши во 11.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

Ведат Мемедалија
заменик претседател